Собрание
на Република Северна Македонија
**Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT**
**STATE AUDIT OFFICE**

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**помеѓу**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**и**

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Скопје, октомври 2022 година**

Собранието на Република Северна Македонија, претставувано од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, м-р Талат Џафери

и

Државниот завод за ревизија, претставуван од главниот државен ревизор, м-р Максим Ацевски

на ден **21 октомври 2022** година потпишаа

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

### ПРЕАМБУЛА

Договорните страни се согласуваат да ја поддржуваат меѓусебната соработка поврзана со надлежностите на Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) и надлежностите на Државниот завод за ревизија (во натамошниот текст: ДЗР).

Собранието е претставнички орган на граѓаните и е носител на законодавната власт на Републиката. Уставна надлежност на Собранието е да врши политичка контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието.

ДЗР е правно лице кое спроведува активности од областа на државната ревизија и е независно во своето работење. Има задача да проверува дали финансиските извештаи на органите од јавниот сектор се реално и објективно прикажани во согласност со релевантната регулатива, како и дали јавните средства се користат економично, ефикасно и ефективно и во согласност со законите. ДЗР претставува клучен фактор во системот за управување со јавните финансии и дава информации на Собранието, граѓаните и другите заинтересирани лица за тоа како се трошат јавните средства и како се управува со јавниот имот.

## I. Општи одредби

### Член 1

### *Цел на Меморандумот*

Целта на Меморандумот за соработка е унапредување на соработката во вршењето на задачите во рамките на надлежноста и делокругот на договорните страни, за да се воспостават професионално одржливи и ефикасни односи помеѓу Собранието и ДЗР со цел зајакнување на ефикасноста и транспарентноста на јавниот финансиски надзор.

Имајќи го предвид фактот дека Собранието има надлежност за надзор на извршната власт, во која влегува и надзорот за извршување на Буџетот на државата, Собранието соработува со ДЗР и ги поддржува наодите и препораките што ги дава ДЗР за да поттикне промена во начинот на кој се користат јавните средства (пари и имот) и да придонесе за зголемување на општото добро за сите граѓани.

### Член 2

### *Области на соработка*

Со овој Меморандум, Собранието и ДЗР изразуваат подготвеност да соработуваат во:

- обезбедувањето на постојана размена на податоци и информации поврзани со ревизорските извештаи;
- обезбедувањето на техничка помош и соработка со стручните служби на Собранието во областа на ревизијата и
- организирањето на заеднички состаноци, едукации, брифинзи, настани и други активности за подобро информирање на пратениците за дополнително појаснување на содржината на ревизорските извештаи.

## II. Начин на соработка

### Член 3

*Доставување на извештаи до Собранието*

ДЗР ги доставува сите ревизорски извештаи до Собранието во согласност со временската рамка на доставување утврдена со одредбите на Законот за државната ревизија, Правилникот за начинот на вршење на државната ревизија, Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија и други интерни акти.

Во согласност со горепоменатите акти, Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија се поднесува најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната, а поединечните конечни ревизорски извештаи се доставуваат во согласност со законските, подзаконските и интерните акти.

ДЗР може да направи збирен извештај за група на слични субјекти предмет на ревизија (на пр. политички партии, јавни здравствени установи (ЈЗУ), општини итн.) или пак да направи резиме на истиот доколку оцени дека на овој начин ќе може јасно и разбирливо да ги презентира клучните заклучоци и препораки поврзани со одредена група на субјекти. Збирниот извештај се прави кога ќе се спроведат сите планирани ревизии на слични субјекти и потоа се доставува до Собранието. Како прилог на збирниот извештај или резимето се приложуваат и поединечните извештаи од извршените ревизии на групата субјекти (и покрај тоа што веќе истите се доставени) на електронски медиум.

Сите извештаи до Собранието се доставуваат во писмена и/или електронска форма.

Доставувањето на Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија, поединечните и збирните извештаи го врши главниот државен ревизор.

Претседателот на Собранието го доставува Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија и Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на усогласеност на Основен буџет на Република Северна Македонија до сите пратеници.

## III. Разгледување на поднесените извештаи на седница на Собранието

### Член 4

***Извештаи по кои расправа Собранието***

Во согласност со одредбите од Законот за државната ревизија, задолжителна е расправа по Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Собранието при разгледување на Предлогот на Завршната сметка на Буџетот го разгледува и Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на усогласеност на Основен буџет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Собранието врз основа на консултации на редовната координација со потпретседателите, координаторите на пратеничките групи и пратениците кои не се организирани во пратенички групи донесува одлука кои конечни ревизорски извештаи или збирни извешти за група на слични субјекти предмет на ревизија ќе бидат предмет на разгледување на седница на Собранието.

### Член 5

***Учество на седницата на Собранието во име на ДЗР***

На седница на Собранието, кога се расправа по Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија, главниот државен ревизор е поднесувачот на извештајот и подготвува говор во кој ги изнесува клучните резултати за ревизиите содржани во Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија што треба да се дискутираат на пленарната седница.

Доколку на седница на Собранието се расправа по одредени ревизорски извештаи, учествува главниот државен ревизор или заменикот главен државен ревизор и помошниците на главниот државен ревизор кои подготвуваат говори кои ги содржат клучните резултати од ревизијата по која се расправа на седницата на Собранието.

**IV. Разгледување на поднесените извештаи на седница на матичното работно тело**

**Член 6**

***Извештаи по кои се расправа на седница на матичното работно тело***

Матичното работно тело расправа по Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Матичното работно тело при разгледување на Предлогот на Завршната сметка на Буџетот го разгледува и Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на усогласеност на Основен буџет на Република Северна Македонија.

Доколку, согласно членот 4 став 3 од овој Меморандум се донесе одлука на седница на Собранието да се расправа по одреден поединечен ревизорски извештај или збирен извештај за група на слични субјекти предмет на ревизија, матичното работно тело го разгледува извештајот кој е точка на дневен ред на седница на Собранието во рок од три работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

**Член 7**

***Учество во расправата за време на седниците на матичното работно тело***

Главниот државен ревизор/заменикот главен државен ревизор или лице овластено од главниот државен ревизор учествуваат во работата на седниците на матичното работно тело и за истата подготвуваат воведен говор во кој се претставуваат клучните резултати од работењето на ДЗР.

На седниците на матичното работно тело кога предмет на разгледување се поединечните ревизорски извештаи учествуваат помошниците на главниот државен ревизор кои имаат обврска да подготват воведен говор во којшто се претставуваат клучните резултати од извршената ревизија.

За време на дискусиите може да присуствуваат и претставници на ревидираните субјекти и други лица кога има ревизии или области/теми предмет на ревизија кои се од нивна надлежност.

Матичното работно тело до претседателот на Собранието доставува Извештај од расправата по ревизорскиот извештај кој бил точка на дневен ред на седницата. Претседателот на Собранието Извештајот го доставува до сите пратеници. Извештајот може да содржи заклучоци кои биле усвоени на седницата на матичното работно тело.

## V. Други видови на соработка

### Член 8

***Водич за улогата на ДЗР и на Собранието за зајакнување на ефективноста во управувањето на јавните средства***

ДЗР подготвува Водич за улогата на ДЗР и на Собранието во врска со зајакнување на ефикасноста во управувањето на јавните средства. Водичот се презентира пред членовите на матичното/ите работно/и тело/а и Собранието и истиот се објавува на веб -страниците на Собранието и ДЗР.

## VI. *Завршни одредби*

### Член 9

Договорните страни од Меморандумот за соработка се согласуваат да го прифатат Меморандумот за соработка.

Овој меморандум може да се дополнува и изменува со одредби чиешто спроведување ќе биде од заеднички интерес на двете страни.

### Член 10

***Влегување во сила***

Со влегувањето во сила на овој Меморандум престанува да важи Меморандумот за соработка од мај 2013 година.

Овој Меморандум стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете страни.

Овој Меморандум е составен во четири еднакви примероци, по два за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| *mr. Talat Xhaferi* | *м-р Максим Ацевски* |
| *Претседател на Собрание на Република Северна Македонија* | *Главен државен ревизор* |

Бр.Nr. 09-4348/1

Датум: 25.10.2022 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 02-1418/1
21.10.2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP